Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/18), член 3 и член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18), Министерот за транспорт и врски донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за транспорт и врски

### Член 1

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за транспорт и врски број 01-1940/2 од 23.02.2016 година, број 01-11961/1 од 15.09.2016 година и број 01-5667/1 од 13.06.2017 година, и тоа во глава II во членовите 8, 9 и 10 во кој се утврдени посебните услови за работните места на административните службеници од категориите Б, В и Г во делот на посебните компетенции за сите нивоа-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на 62(В2) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат, Тест ДаФ
- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на 61(В1) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 3,5 - 4,5 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите ниво на категорија - В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2(А2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБТР најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите ниво на категорија - Г преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1(А1) нивото на ЦЕФР односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ

ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.

**Член 2**

Во Глава II во членовите 8, 9 и 10 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава/останува следниот текст:
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на комјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административни управување (кај сите *нивоа од категоријата - Б).*

**Член 3**

Во Глава II во член 8 став (3 ) и член 9 став (3) во делот на посебни услови утврдени со Законот за инспекциски надзор од категорија Б и категорија В се вршат следните измени:

- Во алинеја 1 во делот на стручни квалификации за сите нивоа зборовите „најмалку 300 кредити" се заменуваат со зборовите „најмалку 240 кредити", а се бришат деловите:
- Посебни работни компетенции за сите нивоа да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:
  -Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен;
  - Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
  - ECDL: Core - положен,
  - за сите нивоа да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет

**Член 4**

Во Глава II во членовите 8 и 9 во делот на посебните услови утврдени со Законот за инспекциски надзор од категоријата Б и В сите нивоа, се додава/останува следниот текст:

- поседува потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба за сите нивоа од категорија Б и за нивоата В1, В2 и В3.

**Член 5**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" во работното место со реден број 16 кое гласи „Советник за сообраќајно-технички работи во Одделение за патна инфраструктура во Сектор за патен сообраќај и

инфраструктура“ во делот вид на образование зборовите „правни науки“ се заменуваат со зборовите „организациони науки и управување (менаџмент)“.

**Член 6**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во работното место со реден број 66 кое гласи „Помлад соработник за следење на медиуми во Одделение за комуникација со јавноста во Сектор за стручна поддршка на министерот и односи со јавноста“ во делот на образование зборовите „Економски науки“ се заменуваат со зборовите „Наука за јазикот - лингвистика“.

**Член 7**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во работното место со реден број 141 кое гласи „Помлад соработник за подготовка на документација во одделение за издавање на одобренија за градење и употреба за градби од инфраструктурата во Сектор за документирање и управување со градежно земјиште“ во делот на образование зборовите „Градежништво и водостопанство“ се заменуваат со зборовите „јавна управа и администрација“.

**Член 8**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во работното место со реден број 146 кое гласи „Помлад соработник за подготовка на документација во одделение за издавање на одобренија за градење и употреба на градби од високоградбата во Сектор за документирање и управување со градежно земјиште“ во делот на образование зборовите „Градежништво и водостопанство“ се заменуваат со зборовите „Правни науки“.

**Член 9**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во работното место со реден број 159 кое гласи „Виш соработник за стручно – оперативни работи при контрола на склучени договори за оттуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп на градежното земјиште по пат на јавно наддавање и со непосредна спогодба од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во одделение за следење и контрола на вршењето на работите за располагање со градежното земјиште во Сектор за документирање и управување со градежно земјиште“ во делот на образование зборовите „економски науки“ се заменуваат со зборовите „геодезија“.

**Член 10**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорти врски во работното место со реден број 203 кое гласи „Помошник раководител на сектор за

станбено – комунални работи и инфраструктура задолжен за комуналните работи и инфраструктурата во Сектор за станбено – комунални работи и инфраструктура" во делот на образование зборовите „Правни науки" се заменуваат со зборовите „Економски науки".

**Член 11**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во работното место со реден број 232 кое гласи „Раководител на Сектор за Европска Унија" во делот на образование зборовите „Правни науки" се заменуваат со зборовите „Сообраќај и транспорт".

**Член 12**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во работното место со реден број 233 кое гласи „Помошник раководител на сектор за Европска Унија во Сектор за Европска Унија" во делот на образование зборовите „Економски науки" се заменуваат со зборовите „Наука за јазикот - лингвистика ".

**Член 13**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во работното место со реден број 234 кое гласи „Раководител на одделение за ИПА планирање и подготовка на проектна документација во Сектор за Европска Унија" во делот на образование зборовите „Градежништво и водостопанство" се заменуваат со зборовите „Правни науки".

**Член 14**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во работното место со реден број 242 кое гласи „Советник за ИПА мониторинг за набавки во Одделение за ИПА мониторинг во Сектор за Европска Унија" во делот на образование зборовите „Јавна управа и администрација или Економски науки" се заменуваат со зборовите „Наука за јазикот - лингвистика или Наука за книжевноста".

**Член 15**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работно место 272, со шифра ИНС 01 01 В01 001 кое гласи советник - инспектор за безбедност во внатрешната пловидба во одделение за внатрешна пловидба во Капетанија на пристаништата делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работното место од нивото В2

-да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Член 16**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место со реден број 279 - Виш соработник за информатичка технологија во Одделение за логистичка поддршка во Капетанија на пристаништа се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 279 |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | Стручно административен – Iниво (В1) |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | **Советник за логистика** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделението |
| **Вид на образование** | Политички науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Спроведува одредени функции од делогруг на одделението и самостојно извршува најсложени работи и задачи |
| **Работни задачи и обврски** | - Извршува најсложени работи и задачи како поддршка на работата на Капетанијата<br>- Подготвува акти и други документи за непречено функционирање на Капетанијата<br>- Подготвува стручни анализи, информации, дава предлози за работа на одделението<br>- ги следи и применува прописите од областа во која работи, вклучувајќи ги меѓународните договори на кои Република Македонија им пристапила или ги ратификувала<br>- врши работи и работни задачи во работни тела од надлежност на Капетанија на пристаништата, односно министерството |

**Член 17**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 294 со шифра ИНС 01 01 Б02 001 кое гласи „Раководител на сектор за инспекциски надзор во железничкиот систем – главен инспектор" делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку осум години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба од кои најмалку три години на работно место од нивото В1
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба

**Член 18**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 295 со шифра ИНС 01 01 Б03 001 кое гласи „Помошник раководител на сектор - помошник главен иснпектор"делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку шест години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работното место од нивото В1
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Член 19**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 296 со шифра ИНС 01 01 Б04 001 кое гласи „Раководител на одделение за инспекциски надзор за сигурност на железничка инфраструктура - Виш инспектор" делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку четири години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба од кои најмалку една година на работното место од нивото В1
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Член 20**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 297 со шифра ИНС01 01 В01 001 кое гласи „Советник – инспектор за сигурност на железничка инфраструктура" делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работното место од нивото В2
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење

- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Член 21**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 298 со шифра ИНС01 01 В01 001 кое гласи „Советник – инспектор за сигурност на сигнално – сигурносни системи, телефонско телеграфски и електротехнички постројки" делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работното место од нивото В2
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Член 22**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 299 со шифра ИНС 01 01 В03 001 кое гласи „Соработник – помошник инспектор за сигурност на железничка инфраструктура" делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку една година работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Член 23**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 300 со шифра ИНС 01 01 В03 001 кое гласи „Соработник – помошник инспектор за сигурност на сигнално – сигурносни системи, телефонско телеграфски и електротехнички постројки" делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку една година работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

## Член 24

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 301 со шифра ИНС 01 01 Б04 001 кое гласи „Раководител на одделение за инспекциски надзор за сигурност на железничкиот сообраќај - Виш инспектор" делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку четири години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба од кои најмалку една година на работното место од нивото В1
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба

## Член 25

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 302 со шифра ИНС 01 01 В01 001 кое гласи „Советник – инспектор за сигурност на влеча на возови и возни средства" делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работното место од нивото В2
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

## Член 26

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 303 со шифра ИНС 01 01 В01 001 кое гласи „Советник – инспектор за сигурност на на превоз на патници и стока во железницата" делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работното место од нивото В2
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Член 27**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 304 со шифра ИНС 01 01 В03 001 кое гласи „Соработник – помошник инспектор за сигурност на влеча на возови и возни средства " делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку една година работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Член 28**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место од реден број 305 со шифра ИНС 01 01 В03 001 кое гласи „Соработник – помошник инспектор за сигурност на влеча на возови и возни средства" делот други посебни услови се менува и гласи:

- најмалку една година работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба
- да поседува потврда за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**Член 29**

Во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски во работното место со реден број 306 кое гласи „Раководител на одделение за внатрешна ревизија" во делот одговара пред зборовите „државен секретар" се заменуваат со зборовите „министер".

**Член 30**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Инспекцискиот совет и Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. / 01-8461/2
23.08.2018 година
Скопје

МИНИСТЕР
ГОРАН СУГАРЕСКИ